| | **ПРИХОДИ :** | | | | | | | |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 30.000 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.000 |
| | **РАСХОДИ :** | | | | | | | |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **30.000** | **65.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **65.000** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 425 | Договорни услуги | 12.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 15.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 30.000 | 65.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 65.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **30.000** | **65.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **65.000** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 3.000 | 5.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.000 |
| 425 | Договорни услуги | 12.000 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 15.000 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |

**Член 4**

Буџетот на општината за 2024 година влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општината, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Бр.08-573/3
26/12/2023 година
Пласница

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Пласница за 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за извршување на Буџетот на општина Пласница за 2024 година, бр.08-573/4, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/2**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

**Број 08 - 573/4**
**26/12/2023 година**
**Пласница**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ("Службен весник на РСМ" бр. 51/20 и 172/21), одредбите на Општиот колективен договор за јавниот сектор ("Службен весник на РСМ" бр. 154/23) и член 17 став 1 точка 3 и член 30 став 1 точка 8 од Статутот на општина Пласница (“Службен гласник на општина Пласница” број 2/06), Советот на општина Пласница на седницата одржана на 26/12/2023 година, донесе:

## ОДЛУКА
### за извршување на буџетот на општина Пласница за 2024 година

**Член 1**

Буџетот на Општина Пласница за 2024 година (во понатамошниот текст - буџетот), се извршува според одредбите на оваа одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од : основен буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на дотации, буџет на донации и буџет на заеми.

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со буџетот.

За да се преземат нови обврски до советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи соодветно намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходи и други приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на општината изменување и дополнување.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбата во текот на годината .Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените

средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.Годишните финансиски планови по квартали буџетските корисници ги доставуваат до Трезорот, за користење на одобрените средства од буџетот.

**Член 9**

Општинските буџетски корисници во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесува до градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Градоначалникот доставува до Министерството за финансии и до советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот.

**Член 10**

Висината на потребните средства за исплата на плати и надоместоци за општинската администрација се утврдува согласно Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Законот за исплата на платите во РМ ("Службен весник на РМ" бр.48/13 – пречистен текст, 170/13, 139/14, 147/15 и "Службен весник на РСМ" бр.202/19), Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ ("Службен весник на СРМ" бр.36/90 и "Службен весник на РМ" бр. 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18, 51/23 и 65/23) и Законот за минимална плата во Република Северна Македонија ("Службен весник на РМ" бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 124/19, 239/19, 239/19 и 41/22).

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници не може да биде повисока од вредноста на бодот утврдена со одлуката на Владата на РСМ за соодветната фискална година, согласно член 88 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22).

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за :

- избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно законски утврдениот коефициент за утврдување на плата на градоначалник кој изнесува

  а) за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2.70 применет на основицата за пресметување на плата во износ од 47.637,00 денари;
- вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за пресметување на платите (бруто) се утврдува со

Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година која ја донесува советот, на предлог на градоначалникот, во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година, согласно член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и “Службен весник на РСМ” бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22).

- вработените кои немаат статус на државни службеници платата ќе се исплатува согласно Законот за минимална плата во РепубликаСеверна Македонија (“Службен весник на РМ” бр.11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и “Службен весник на РСМ” бр.124/19, 239/19 и 41/22) и Законот за работни односи.

Вработените во општинската администрација имаат право на регрес за годишен одмор, во висина од најмалку 30% од основицата, под услов работникот да работел најмалку шест месеци во календарската година кај ист работодавач.Основица за пресметување на регрес за годишен одмор претставува просечната месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во претходната година.

**Член 11**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на советот се утврдува во процентуален износ од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година во висина од 40%.

На претседателот на советот на општината за раководење и организирање на работата на советот надоместокот од став 1 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 12**

Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од 15.000 денари.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во Програма ДО - Градоначалник, расходно конто 464990 – Разни трансфери.

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Сите исплати на наведените надоместоци се вршат врз основа на оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на градоначалникот на општината.

**Член 13**

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна нето плата по работник во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија.

Средствата за оваа намена се планираат во буџетот на општината во програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 – Разни трансфери, потставка 464940 – Трансфери при пензионирање.

**Член 14**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност до **6.000,00 денари,** при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупните расходи на основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од ставот (1) на овој член одлучува советот на општината.

По исклучок од ставот (3) на овој член ,за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува градоначалникот.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 16**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 17**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање на градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

**Член 18**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 19**

Средствата утврдени во пооделните Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите Градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 20**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се уплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе уплатениот, односно наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот, односно пренасочувањето на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите кадо надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 21**

Буџетските корисници водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

Пријавувањето на преземени обврски се врши во рок од 15 работни дена, од денот на нивното настанување.Ден на настанување на обврската е датумот кога договорот е потпишан од сите договорни страни.

Буџетските корисници ги пријавуваат преземените обврски за тековната година, за склучен договор, законска обврска и други

документи кои можат да предизвикаат обврска за плаќање во некој иден период во тековната година за износ еднаков или поголем од 370.000,00 денари и тоа за видови на расходи кои се наведени во точка 118 од Упатството на начинот на трезорско работење (Службен весник на РМ број 219/18 и Службен весник на РСМ број 187/23 ).

**Член 22**

Буџетот на општина Пласница се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 23**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Пласница", а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон Одлуката за извршување на
буџетот на општина Пласница за 2024 година

Со Одлуката за извршување на буџетот на општина Пласница за 2024 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на општина Пласница, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со ова одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од буџетот на општината со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеци, во случај на смрт на вработен или член на неговото потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината, а буџетот на општината се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

### За прогласување на Буџетски календар за 2024 година

1. Се прогласува, Буџетски календар за 2024 година, бр.08-573/5, донесен од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/3**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**===============================**
**Број 08 – 573/5**
**26.12.2023 година**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Советот на општина Пласница на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| **Декември/Јануари** | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Општинска администрација/Совет на општината |
| **1 Јануари** | Започнува новата буџетска година | |
| **Јануари** | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Јануари** | Подготовка на Граѓански буџет за тековната година и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Април/Мај** | Советот на Општината разгледува развојни документи и започнува процесот за подготовка на Планот на програмите за развој за наредната фискална година | Совет/општинска администрација |
| **Август/Септември** | Се анализираат резултатите/ реализацијата на програмите/проектите од претходниот период , и потребата за нивно унапредување, дополнување, продолжување/прекинување итн.. По потреба се реализираат првични форумски сесии/консултативни средби со граѓаните. | Градоначалник/Општинска администрација |
| **Август/Септември** | Градоначалникот подготвува и доставува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми | Градоначалник |
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министерство за финансии |
| **Септември/Октомври** | Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни. На овие форуми може да се разгледуваат нацрт-развојните и нацрт-годишните програми. Бројот на форумските сесии обично е дефиниран во согласност со специфичноста и приоритетите на општината (4-5) и временски усогласен со останатите буџетски чекори. | Градоначалник/Општинска администрација |

| | | |
|---|---|---|
| **Септември/Октомври** | Општинските буџетски корисници и одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошоци) во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори | Општинските буџетски корисници/ Општинска администрација/Сектор-одделение за финансии |
| **Октомври** | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет | Сектор/Одделение за финансии |
| **Октомври** | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот | Градоначалник/ Општинска администрација |
| **Најдоцна до 20 октомври** | Предлог план на програми за развој и Годишните програми усогласен со насоките од Циркуларот се доставува на одобрување до Советот на општината | Градоначалникот |
| **Најдоцна до 15 ноември** | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Совет на општина |
| **Крај на ноември** | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот за наредната година подготвен од страна на финансискиот оддел на општината. | Градоначалник |
| **Крај на ноември** | Споделување на предлог буџетот,годишните и развојните програми со јавноста, организирање на информативна сесија. Доколку има издржана сугестија/забелешка од јавноста истата се имплементира пред доставување на предлог буџетот до Советот. | Градоначалник |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение | Градоначалник |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | Совет на општина |
| **Крај на декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | Совет на општина |

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ЏЕМАИЛ АСАНОСКИ**

____________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2024 година, бр.08-573/6, донесен од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/4**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 17 став 2 и став 3 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.02/06 и 03/19 година) како и член 183 од Законот за платежни услуги и платни системи (Сл.Весник на РСМ бр.90/22), Советот на општина Пласница, на 24-тата седница која се одржа на ден 26.12.2023 година ја донесе следната:

## Одлука
**За утврдување на благајнички максимум за плаќање во готово за 2024 година**

**Член 1**

Средствата со кои општина Пласница располага во благајната за потребите за плаќањата во денари се врши од сметка:

- Сметка орган на општина 755014013463710

**Член 2**

Паричните средства наменети за готовинските плаќања кој се подигаат од благајната во готово од трансакциските сметки на општина Пласница наведени во член 1 од оваа одлука, може да се држат до висина на благајничкиот максимум утврден како што следи:

- Денарскиот износ на благајничкиот максимум на општина Пласница се утврдува во висина од 20.000 денари.

**Член 3**

Исплатата на пари во готово од благајната се врши:

- За патни и дневни трошоци во земјата и странство, врз основа на потпишан и заверен патен налог од одговорното лице или од негово овластено лице;
- За производи и услуги за кои поединечните фискални сметки не смеат да бидат повисоки од 6.000 денари.

**Член 4**

Сите парични средства од дневниот пазар на утврдениот благајнички максимум примени во готовина по било која основа се утврдуваат најдоцна наредниот работен ден во корист на платежната сметка на општина Пласница.

**Член 5**

Плаќањето на производи, стоки и услуги во готово не може поединечно да биде повеќе од 6.000 денари и не може да надмине вкупен износ од 60.000 денари во текот на календарскиот месец.

**Член 6**

Надлежен за чување и ракување со готовината е ракувачот со готовина (благајник), кој има обврска и овластување да изврши осигурување на благајничкиот максимум од пожар, поплава и кражба (Осигурувањето не е задолжително за благајнички масимум до 20.000 денари).

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 08-573/6**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година, бр.08-573/7, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/5**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/2020, 215/2021 и 99/2022 година), Советот на општина Пласница на 24- тата Седницата одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

# ОДЛУКА
**за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните сужбеници за 2024 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

**Број 08-573/7**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
**За прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишен План за вработување на ЈП.Комуналец-Пласница за 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за давање на согласност на Годишен План за вработување на ЈП.Комуналец-Пласница за 2024 година, бр.08-573/8, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/6**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 година), член 20-б став 1 алинеа 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/2020), Советот на општина Пласница на 24-тата седница одржана на ден 26.12.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за давање на согласност на Годишен план за вработување за 2024 година во ЈП„Комуналец“ с.Пласница**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2024 година во ЈП„Комуналец“ с.Пласница, бр. 04-228/1 од 01.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Пласница“.

**Број 08-573/8**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за давање на согласност на Оперативниот план за одржување на јавна чистота на територија на општина Пласница за 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за давање на согласност на Оперативниот план за одржување на јавна чистота на територија на општина Пласница за 2024 година, бр.08-573/9, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/7**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1, а во согласност со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), како и врз основа на член 17 став 3 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.02/06 и 03/19 год), Советот на општина Пласница, на 24-тата седница која се одржа на ден 29.12.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за давање на согласност на Оперативен план за одржување на јавна чистота на територијата на општина Пласница за 2024 година донесен од страна на ЈП „Комуналец” Пласница - општина Пласница**

**Член 1**

Советот на општина Пласница дава согласност на Оперативен план за одржување на јавна чистота на територија на општина Пласница за 2024 година, донесен од страна на ЈП „Комуналец” Пласница - општина Пласница со бр. 02-232/5 од 07.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Сл.Гласник на општина Пласница”.

**Број 08-573/9**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за давање на согласност на Оперативниот план за зимско одржување на улиците и патиштата на териториите на општина Пласница за 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за давање на согласност на Оперативниот план за зимско одржување на улиците и патиштата на териториите на општина Пласница за 2024 година, бр.08-573/10, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/8**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 62 став 1, а во согласност со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), како и врз основа на член 17 став 3 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник на

општина Пласница бр.02/06 и 03/19 год), Советот на општина Пласница, на 24-тата седница која се одржа на ден 26.12.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на Оперативен план за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2024 година донесен од страна на ЈП „Комуналец" Пласница - општина Пласница**

**Член 1**

Советот на општина Пласница дава согласност на Оперативниот план за зимско одржување на улиците и патиштата на територијата на општина Пласница за 2024 година донесен од страна на ЈП „Комуналец" Пласница - општина Пласница со бр. 02-232/6 од 07.12.2023 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Сл.Гласник на општина Пласница".

**Број 08-573/10**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението за заразни болести на подрачјето на општина Пласница за 2024 година**

1. Се прогласува, Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението за заразни болести на подрачјето на општина Пласница за 2024 година, бр.08-573/11, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/9**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 14 став 2 од Законот за Заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр.66/2004, 139/08, 99/09, 86/11, 149/14, 150/15, 37/16 и 257/20 година), член 17 од Статутот на Општина Пласница (Сл.Гласник на Општина Пласница бр.02/2006 и 03/2019 година), како и согласно Стручното мислење добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје" Прилеп бр.03-538/2 од 13.12.2023 година, Советот на Општина Пласница на 24-тата седница одржана на 26.12.2023 година, ја донесе следната:

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА ЗА 2024 ГОДИНА

### 1.ВОВЕД

Општина Пласница врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести и Стручното мислење за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација со цел спречување и сузбивање на вектор преносливите заболувања на населението на Општина Пласница, добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје" Прилеп во 2024 година ќе ги превземе општите мерки за заштита на населението од заразни болести на нејзината територија, односно ќе изврши превентивна дезинсекција и дератизација.

Превентивната дезинсекција претставува планирана, систематска и долгорочна мерка за намалување на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција, како и спречување на растот, развојот и размножувањето на инсектите кои претставуваат вектори на голем број заразни болести, делуваат вознемирувачко, но исто така предизвикуваат и алергиски реакции.

Превентивната дератизација претставува низа на мерки и активности кои се превземаат со цел уништување на глодарите со користење на хемиски средства, односно родентицидни мамци.

### 2.ЦЕЛ

Целта на оваа програма е планирање, организирање и спроведување на општите мерки, односно, превентивна дезинсекција и дератизација, за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пласница.

### 3.ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА

Целта на превентивната дезинсекција е редуцирање на густината на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција на територијата на Општина Пласница, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните, како и одржување на стабилна хигиенско-епидемиолошка состојба на ова подрачје.

#### 3.1. Сузбивање на комарци и нивните развојни облици

Спроведувањето на дезинсекцијата е комплексен процес кој се спроведува со примена на механички, физички, биолошки и хемиски методи и средства кои се еколошки прифатливи и на начин кој оневозможува да се доведе во опасност здравјето на населението и животните како и на корисните инсекти.

Општина Пласница во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп, сузбивањето на комарците ќе го спроведува на четири нивоа при што постојано ќе се води грижа за зачувувањето на биолошката различност на одредено подрачје.

**-Санациони мерки** имаат за цел и се темелат на намалување или отстранување на условите за раст и размножување на комарците. Тоа значи затрупување на мочуришта и блата, обезбедување на проточност на водата, правилна диспозиција на цврстиот отпад, редовно косење на зелените површини и други хигиено технички мерки.

**Рок:** во текот на годината

**Извршител:** ЕЛС

**-Здравствена едукација на населението-** од страна на Центарот за јавно здравје има за цел редовно информирање на населението за вектор преносливите заразни заболувања (преку учество на локална телевизија, радио, весници), изработка на информативно едукативни летоци, брошури и флаери, како и непосредна комуникација на терен со месното население за подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и отстранување на леглата на комарци.

**Рок:** во текот на годината

**Извршител:** ЦЈЗ Прилеп

**-Биолошки мерки за сузбивање на комарците-** имаат за цел зачувување на животната средина и биолошката разновидност. Ефикасни резултати се постигнуваат (онаму каде што е можно) со користење на предатори на ларвите на комарецот како што е малата риба Gambusia holbrooki најчесто во езера. Во сузбивањето на комарците голема улога има и примената на биоцидни производи како што е Bacilusthurigiensisvar israelensis во форма на течност, прашак или гранули.

**-Хемиски мерки за сузбивање**

А) Примена на регулатори на растот кои ги има во форма на гранули кои се користат за чисти води и не се штетни за останатите видови на животни.

Б) Ларвицидни инсектициди кои имаат за цел да го нарушат развојниот стадиум на комарецот т.е делуваат на ларвената форма, при што спречуваат развивање на зрели адултни комарци. Постојат ларвицидни инсектициди во форма на течност, гранули,прав а во однос на апликацијата можат да се распрскуват или рачноо расфрлаат во водените површини. Ларвицидните инсектициди имаат исклучително висок ефект. Апликацијата е многу полесна и не го нарушуваат биодиверзитетот. За да може да се користи одреден ларвициден инсектицид потребно е за истиот да има дозвола од Министерството за здравство.

**Ц)** Адултицидна дезинсекција- може да се спроведува како резидуално прскање во затворени објекти или како ладно/топло замаглување од земја при третман на поголеми површини. Претставува сложена акција која бара голема внимателноство однос на дозирањето на средството како и личната заштита на изведувачите и месното население. Има далеку помал ефект од ларвицидната дезинсекција. Инсектицидот задолжително треба да има дозвола за употреба од Министерството за здравство.

**3.2. Динамика и начин на спроведување на активностите**

За да се постигне значаен ефект при спроведување на дезинсекцијата неопходно е постојано и континуирано следење на состојбата на теренот, при што треба да се земат во предвид сите биолошки, хидрометеоролошки и еколошки карактеристики на површините каде што ќе се спроведуваат третирањата. Потребно е на територијата на Општина Пласница да се спроведат два вида на третирање и тоа:

**Евидентирање (мапирање)** на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива.

**Рок-** Јануари-Март

**Извршител-** ЕЛС и ЦЗЈ

**Ларвицидна дезинсекција** која ќе се изведува од месец Април па се до месец Септември, според претходна динамика во зависност од степенот на инфестираност на комарци. Проценката и увидите ќе бидат извршени од стручната служба при Центарот за јавно здравје – Прилеп.

**Средство за ларвицидна дезинсекција** – ќе се користи ларвицид во форма на гранули или течност на база на – **s-methoprene.**

**Техника на изведување**-рачно расфрлање и распрскување со УЛВ метода на места со стоечки води.

**Површина за третирање**-ќе се третираат површини и места каде има застојни води и површини кои ќе бидат договорени согласно финансиската конструкција и тековниот оперативен план договорен помеѓу ЕЛС и изведувачот на дезинсекцијата.

**Адултицидната дезинсекција** ќе се спроведува во неколку наврати утврдени во стручното мислење дадено од ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп.

**Средство за адултицидна дезинсекција**-ќе се користи инсектицид Aqua Q-othrine sc 25 со активна супстанца deltamethrin 20 gr/lit.

**Техника на изведување**-третирањата се спроведуваат со апарат за УЛВ ладно замаглување.

**Површини за третирања** ќе бидат утврдени во тендерската документација.

## 4.ПРЕВЕНТИВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА

**-Претставува** низа на мерки и активности кои се превземаат со цел уништување на глодарите со користење на хемиски средства т.е.родентицидни мамци.Глодарите покрај тоа што предизвикуваат огромни материјални штети во стопанството и домаќинствата имаат големо јавно здравствено значење затоа што претставуваат резервоар извор на заразни болести.

**-ЦЕЛ**

-редуцуирање на густината на популацијата на глодари во подрачјето на ЕЛС Пласница и нејзино доведување во степен на биолошка толеранција.

-зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните чии вектори на пренесување се глодарите.

-одржување на стабилна хигиено-епидемиолошка состојба на подрачјето

**Предмет на превентивна систематска дератизација** е комплетниот канализационен систем на со посебен акцент на објекти од јавен интерес, како што се училиштата, амбулантата и други јавни објекти, како и диви депонии и водотеци.

**Активностите и динамиката за реализација на целите во оваа програма ќе се одвива на следниот начин:**
Дератизацијата се спроведува во два наврати и тоа:
Пролетна дератизација во месец Април и
Есенска дератизација во месец Септември.
Реализацијата на прскање ќе се спроведе во сите четири населени места на општина Пласница и тоа:

- **Адултицидна дезинсекција на територијата на општина Пласница - 150 ха,**
- **Дератизација**
- **на подземен канализационен систем на општина Пласница - 110 шахти, и**
- **Ларвицидна дезинсекција на бари и мочуришта - 2ха**

5. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Оваа програма ќе се финансира од средства предвидени во Буџетот на Општина Пласница за 2024 година, во износ од 150.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за реализација на точка 4 од оваа програма.

**6. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Општината ќе настојува средствата за спроведување на превентивните мерки предвидени со оваа Програма да ги обезбеди дел од буџетот на општината и од други институции.

7. Оваа програма стапува во сила веднаш по донесувањето од страна на Советот на општина Пласница.

**Број 08-573/11**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година**

1. Се прогласува, Програма за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година, бр.08-573/12, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/10**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, „Службен весник на РСМ" бр.302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 273/22, 65/23), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 17 од Статутот на Општина Пласница, Советот на Општина Пласница, на 24-тата седница, одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за мерките и активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита во 2024 година**

## I. ЦЕЛИ

Социјалната заштита како дејност од јавен интерес, е систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Основни цели на оваа Програма се: обезбедување на активен однос на општина Пласница кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита и одредување на приоритети во решавање на истите во рамките на своите законски овластувања за доброто на своите граѓани

## II. ПРЕДМЕТ

Предмет на оваа Програма се мерките кои ќе се преземат и активности кои ќе се реализираат во текот на 2024 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита.

## III.ПРИОРИТЕТИ

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на општина Пласница во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Помош на стари лица корисници на социјална сигурност на стари лица;

- Помош на лица со здравствени потреби корисници на право од социјална заштита и самохрани родители
- Помош на деца со посебни потреби до 26 годишна возраст и на лица со попреченост од 26 до 65 годишна возраст

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба.

## IV. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Општина Пласница ќе доделува еднократна парична помош и за следните категории:

- Помош на лица погодени од елементарни непогоди
- Еднократна парична помош за првото дете родено во 2024 година и
- Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2024 година.
- Училишен прибор за сите запишани првачиња, и
- Награда на учениците од 1-9 одделение за освоени I, II и III место на регионален или државен натпревар.

## V. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за социјална заштита во општина Пласница за 2024 година, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пласница за 2024 година и средствата ќе се реализираат по следните категории на лица тоа:

| Реден број | Категории на лица за социјална заштита | Средства (во денари) |
|---|---|---|
| 1. | Еднократна парична помош на стари и изнемоштени лица, над 65 годишна возраст, корисници на социјална сигурност на стари лица | 6.000 |
| 2. | Еднократна парична помош на лица со здравствени потреби (хируршка интервенција/набавка за лекови), корисници на право од социјална заштита и самохрани родители | 3.000 - 6.000 |
| 3. | Еднократна парична помош на деца со посебни потреби до 26 годишна возраст и на лица со попреченост од 26 до 65 годишна возраст | 6.000 |
| 4. | Помош на лица погодени од елементарни непогоди пожар, поплава итн. | 20.000 |
| 5. | Еднократна парична помош за првото дете родено во 2024 година, родено на територија во РСМ, со место на живеење во општина Пласница | 30.000 |
| 6. | Еднократна парична помош за секое | 20.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | новородено дете во 2024 година родени на територија во РСМ, со место на живеење во општина Пласница | |
| 7. | Училишен прибор за сите запишани првачиња | 2.000 по дете |
| 8. | Награда на учениците од 1-9 одделение за освоени I, II и III место на регионален или државен натпревар | I – 10.000<br>II – 8.000<br>III - 5.000 |
| **Вкупно средства од Буџетот на општина** | | 1.000.000 |

За реализација на средствата од точка 1 до точка 4, треба да се поднесе барање со прилог соодветна документација до архивата на општина Пласница и истите треба да се одобрат од Советот на општина Пласница. Советот на општината во зависнот од потребата на барателот и приложената документација ќе одлучи за висината на помошта која не може да биде поголема од онаа што е наведената во табеларниот приказ.

За точка 1 и точка 3 барателите да доставаат соодветна документација/ потврди дека припаѓаат на таа категорија на корисници на правата од социјална заштита издадена од Центарот за социјални работи М.Брод.

За точка 2 брателот да достави медицинска документација и потврда од Центарот за социјални работи дека е корисник на правата од социјална заштита и Советот на општината за износот од 3.000-6.000 денари ќе одлучи со Одлука.

За точка 4 барателот да достави слики, записници од увид од надлежен орган и итн. односно целокупна документација во врска со документираниот настан.

Во случај на итни и неодложни барања, Градоначалникот има право да донесе решение за доделување на средства за социјална помош за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови и за истото е потребно да го извести Советот на општината.

Средствата од точка 5 до точка 8 ќе ги реализира Градоначалникот согласно оваа Програма по претходно поднесено барање за доделување на еднократна парична помош поткрепено со соодветна документација и тоа: за точка 5 и 6: копија од извод од матична книга на родените за новороденчето (и изводи на родени за сите останати родени деца), копија од лични карти на двајцата родители и копија од трансакциска сметка на едниот родител.

За точка 7 и 8 училиштата да достават потребна документација (список на запишани првачиња, податоци за учество и освоени први 3 места на регионални и државни натпревари).

**VI .ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на општина Пласница го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Пласница“.

**Број 08-573/12**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Јавен повик за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „Комуналец” Пласница**

1. Се прогласува, Јавен повик за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „Комуналец“ Пласница, бр.08-573/13, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/11**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, ... и „Службен Весник на РСМ„бр. 75/19, 89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283/2022 година), Советот на општина Пласница објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „Комуналец“ Пласница**

### 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на пет членови на Надзорниот Одбор на ЈКП „Комуналец“ Пласница.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување

и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на Јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 283). Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Пласница www.plasnica.gov.mk.

## 3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
- Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
- Кратка биографија,
- писмо за интерес/мотивација,

Освен условите наведени во член 26 став 2 од Законот за јавни претпријатија, членовите на надзорниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

## 4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Согласно член 26, став 1 од Законот за јавните претпријатија,Надзорниот Одбор ќе вршењи контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатие.

## 5. НАДОМЕСТОК

Висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на НО дополнително ќе биде утврден со Одлука на Советот на општината.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Комуналец" Пласница се:

1. Државјанство на Република Северна Македонија,
2. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,
5. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
6. Кратка биографија,
7. Писмо за интерес/мотивација,
8. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

## 6. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорниот одбор на ЈП „Комуналец" Пласница се состои од две фази и тоа:
– административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и
– интервју.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на општина Пласница: www.plasnica.gov.mk.

## 7. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 26.12.2023 година и трае 15 (петнаесет) работни дена, односно најдоцна до 18.01.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пласница, с.Пласница, 6539 пошта Дворци или во архива на општина Пласница (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Надзорен Одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница)

Краен рок за поднесување на пријавите е 18.01.2024 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Напомена**: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**Број 08-573/13**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Јавен повик за избор на членови на Управен одбор на ЈП „Комуналец" Пласница**

1. Се прогласува, Јавен повик за избор на членови на Управен одбор на ЈП „Комуналец" Пласница, бр.08-573/14, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/12**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, ... и „Службен Весник на РСМ„бр. 75/19, 89/22 и 274/22) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.283 од 27.12.2022 година), Советот на општина Пласница објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови на Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница**

2. **ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК**

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на пет членови на Управниот Одбор на ЈКП „Комуналец“ Пласница.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 283). Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Пласница www.plasnica.gov.mk.

## 4. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Доказ за историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж,
- Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
- Кратка биографија,
- писмо за интерес/мотивација,

Освен условите наведени во член 17 став 4 од Законот за јавни претпријатија, членовите на управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- два члена на УО треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиското работење,
- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и

- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

5. **РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР**

Согласно член 19 од Законот за Јавните претпријатија, Управниот Одбор ги има следните работни задачи, одговорности, права и обврска и тоа:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите,
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите,
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените и
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие.

8. **НАДОМЕСТОК**

Висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на УО дополнително ќе биде утврден со Одлука на Советот на општината.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Комуналец" Пласница се:

3. Државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
9. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
10. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,

11. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
12. Кратка биографија,
13. Писмо за интерес/мотивација,
14. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

**9. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ**

Постапката за селекција на членовите на управниот одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница се состои од две фази и тоа:
– административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и
– интервју.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на општина Пласница: www.plasnica.gov.mk.

**10. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ**

Јавниот повик се објавува на ден 26.12.2023 година и трае 15 (петнаесет) работни дена, односно најдоцна до 18.01.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пласница, с.Пласница, 6539 пошта Дворци или во архива на општина Пласница (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Управен Одбор на ЈКП „Комуналец" Пласница)

Краен рок за поднесување на пријавите е 18.01.2023 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Напомена**: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

**Број 08-573/14**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште, за календарската 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за определување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште, за календарската 2024 година, бр.08-573/15, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/13**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, .....„Службен весник на РСМ" бр. 151/21), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14) и член 17 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник бр. 02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 24- та седница одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште, за календарската 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2024 година, утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Пласница по катастарски општини.

**Член 2**

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање, и истото може да биде градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште.

Градежно изградено земјиште е градежното земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно неизградено земјиште земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижности.

**Член 3**

Просечната цена за метар квадратен на градежно земиште за целата територија на општина Пласница е:

| | |
|---|---|
| Градежно неизградено земјиште | 950 ден/м2 |
| Градежно изградено земјиште (дворно место) | 650 ден/м2 |

**Член 4**

Со денот на започнувањето на примената на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за календарската 2023 година, со бр.08-99/13 од 27.02.2023 година донесена од Советот на општина Пласница.

**Член 5**

Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**Број 08-573/15**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2024 година, бр.08-573/16, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/14**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, .....„Службен весник на РСМ" бр. 151/21) и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14) и член 17 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник бр. 02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 24- та седница одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на земјоделско земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година, утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Пласница, по катастарски општини.

### Член 2

Просечната цена на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за КО Пласница, КО Преглово и КО Лисичани, изразена во денари за метар квадратен изнесува:

| Ред. бр | Вид на земјиште | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ниви | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| | Овошни градини | 1.000 | 900 | 800 | 700 | 600 | 500 | 450 | 400 |
| | Ливади | 350 | 300 | 250 | 200 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| | Пасишта | 180 | 170 | 160 | 150 | 150 | 150 | 150 | 150 |
| | Шуми | 250 | 230 | 210 | 190 | 190 | 190 | 190 | 190 |

Просечната цена на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за КО Дворци, изразена во денари за метар квадратен изнесува:

| Ред. бр | Вид на земјиште | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ниви | 500 | 450 | 400 | 350 | 350 | 350 | 350 | 350 |
| | Овошни градини | 1.000 | 900 | 800 | 700 | 600 | 500 | 450 | 400 |
| | Ливади | 350 | 300 | 250 | 200 | 200 | 200 | 200 | 200 |
| | Пасишта | 180 | 170 | 160 | 150 | 150 | 150 | 150 | 150 |
| | Шуми | 350 | 330 | 310 | 290 | 270 | 270 | 270 | 270 |

### Член 3

Со денот на започнувањето на примената на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата за календарската 2023 година со бр.08-99/14 од 27.02.2023 година донесена од Советот на општина Пласница.

**Член 4**

Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**Број 08-573/16**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлука за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Пласница за календарската 2024 година**

1. Се прогласува, Одлука за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Пласница за календарската 2024 година, бр.08-573/17, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/15**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, .....„Службен весник на РСМ" бр. 151/21) и член 16 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14) и член 17 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник бр. 02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 24 - та седница одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за определување на зони за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на територија на општина Пласница за календарската 2024 година**

**Член 1**

Согласно Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Министерството за транспорт и врски на територијата на Република Северна Македонија, се

определува следната зона за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на подрачјето на цела територија на општина Пласница·

- **Седумнаестта зона 15 бодови**

Утврдувањето на пазарната вредност според зоните се пресметува според пресметковни бодови по м2 функционална површина која се додава на утврдената градежна вредност.

**Член 2**

Со денот на започнувањето на примената на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на зони за утврдување на пазарната вредност недвижен имот на територија на општина Пласница за календарската 2023 година, со бр.08 99/14 од 27.02.2023 година донесена од Советот на општина Пласница.

**Член 3**

Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**Број 08-573/17**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за работа на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година**

1. Се прогласува, Програма за работа на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година, бр.08-573/18, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-585/16**
**26.12.2023 година**
**Пласница**

**Општина Пласница**
**Градоначалник**
**Алија Јаоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) како и согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („(„Службен весник на РМ" бр. 6/12, Испр. 30/13, 166/14, 150/15, „Службен весник на РСМ" бр. 53/21), Советот на Општина Пласница на 14-та седница одржана на ден 26.12.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за работа на комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година

**I.Општа цел**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како работно тело на Советот на Општина Пласница (во понатамошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

-Превенција од насилство, насилство врз жените и семејно насилство, (превенција и заштита од родово и полово базирано насилство);

-Промоција и вклучување на Општина Пласница во родово одговорно буџетирање;

-Влијание во намалување на насилството кај децата и младата популација (разрешување на конфликти и превенција од насилство меѓу децата врз етничка, верска, полова и друга основа);

-Воспоставување на поголема соработка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО);

-Промоција на концептот за потикнување на еднаквите можности на жените и мажите и другите членови на заедницата за учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;

-Инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во образовниот систем;

**II.Цели и задачи на програмата**

Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година ги дефинира следните општи цели:

- Промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот и недискриминација на локално ниво;

- Поттикнување на еднакви можности на жените и мажите за рамноправно учество на жените во јавниот и политичкиот живот на локално ниво;

- Промоција и развивање на правата на жените во областа на образованието и здравството;

- Зајакнување на соработката помеѓу Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со граѓанските невладини организации (НВО) на локално и национално ниво.

Главна задача на општината и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и на обезбедување еднакви можности за жените и мажите на локално ниво преку процесот на изготвување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

**III.Акциски план**

Табела со активности

| ПРОБЛЕМ | ПЕРИОД | ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | ПОКАЗАТЕЛИ | БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се почестата појава и земањето замав на овие болести | Октомври 2024г | Поттикнување на жената за редовни прегледи | -Трибина на тема „Превенција, откривање и лекување на рак на дојка“ | Организирање на трибини | 10.000,00 денари |
| Недоволно познавање на ризик фактори и улогата на исхраната за појава на дијабет | Во текот на 2024г | Едукација за превенција | -Трибина на тема „Ризик фактори и превенција од дијабет“. | Организирање на трибини | 15.000,00 денари |
| Недоволно познавање на Законот за еднакви можности на жените и мажите и правата и можностите кои произлегуваат од овој закон | Во текот на 2024г | Прогрес на родовата еднаквост и недискриминација на локално ниво | -Организирање на трибини за запознавање со правата и можностите кои произлегуваат од Законот за еднакви можности на жените и мажите<br>-Изработка на информативен материјал | Организирање на трибини<br><br>Дистрибуирање на флаери | 7.000,00 денари |
| Недоволно познавање во врска со поволностите кои ги нуди земјоделското стопанство | Во текот на 2024г | Информирање за можностите и условите за вклучување во земјоделското стопанство | -Трибина на тема „Жената земјоделец и менаџер„<br>-Помош околу комплетирање на потребните документи за регистрирање како ИЗ или земјоделска фирма | Организирање на трибини<br><br>Организирање на работилници | 6.000,00 денари |
| Немањето храброст за јавно говорење и пријавување на насилство врз | ноември, декември 2024г | Подигнување на свеста за јавно говорење за насилство врз жените и | Одбележување на 16 дена активизам за борба против насилство врз | Организирање на трибини<br><br>Изработка на флаери | 20.000,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| жените | | пријавување на истото | жените | | |
| Се почестата појава на меѓуврсничко насилство | Во текот на 2024г | Препознавање и подигање на свеста за меѓуврсничко насилство кај девојчиња и момчиња (bulling) | Трибина на тема „Стоп на меѓуврсничко то насилство кај девојчињата и момчињата (bulling) | Организирање на трибини | 7.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | | | **65.000,00 денари** |

**IV.Области на делување**

1. Спречување на сите форми на насилство врз жените и други форми на насилство, семејно насилство, насилство врз децата;
2. Воведување на Општината во родово буџетски иницијативи преку иницијативи и предлози од страна на КЕМ;
3. Еднакви можности и антидискриминација во сите области (врз родова, етнилка, културна, традиционална, религиозна и друга основа);
4. Зајакнување на соработката меѓу Комисијата за еднакви можности на Општина Пласница со другите комисии за еднакви можности на општините и други институции кои работат во областа за еднакви можности на жените и мажите;
5. Вклучување на граѓаните преку своите преставници во креирање на политики на локално ниво (Граѓански активизам);
6. Во областа на образование, инклузија на децата со посебни потреби и пречки во развојот во системот на образование;

**V.Форми и облици за реализација на активностите**

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Семинари
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

**VI.Завршни одредби**

Програмата е само предлог на КЕМ, сите активности кои ќе бидат дополнително предложени, а се реално остварливи, ќе бидат прифатени и реализирани со помош на Градоначалникот, ЕЛС, како и други субјекти кои се расположени за соработка, се со цел создавање еднакви можности за сите.

Оваа програма не е конечна и истата може да е изменува и дополнува во текот на 2024 година.

Програма влегува во сила со денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Пласница“).

Број 08-573/18
26.12.2023 година
Пласница

Совет на општина Пласница
Претседател
Џемаил Асаноски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за давање на согласност на Локалниот акцисни план за управување со отпад на општина Пласница за 2024-2025 година**

1. Се прогласува, Одлука за давање на согласност на Локалниот акцисни план за управување со отпад на општина Пласница за 2024-2025 година, бр.08-573/19, донесена од Советот на општина Пласница на ден 26.12.2023 година.
2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

Број 09-585/17
26.12.2023 година
Пласница

Општина Пласница
Градоначалник
Алија Јаоски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 а во врска со член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/2002 год.), а во врска со член 17 став 3 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник на општина Пласница бр.02/06 и 03/19 год), Советот на општина Пласница, на 24-тата седница која се одржа на ден 26.12.2023 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за давање на согласност на Локалниот акцисни план за управување со отпад на општина Пласница за 2024-2025 година**

### Член 1

Се усвојува **Локалниот акцисни план за управување со отпад на општина Пласница за 2024-2025 година.**

### Член 2

Составен дел на оваа Одлука ќе биде Локалниот акцисни план за управување со отпад на општина Пласница за 2024-2025 година, и Меморандумот за рабирање со бр.03-261/3 од 05.06.2023 година.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во „Сл.Гласник на општина Пласница".

Број 08-573/19
26.12.2023 година
Пласница

Совет на општина Пласница
Претседател
Џемаил Асаноски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) член 30 став 1 точка 3 и член 31 став 2 од Статутот на општина Пласница, Градоначалникот на општина Пласница го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Решение за именување на ВД Директор на ЈП „Комуналец" Пласница**

1. Се прогласува, Решение за именување на ВД Директор на ЈП „Комуналец" Пласница, бр.08-558/6, донесено од Градоначалникот на општина Пласница на ден 18.12.2023 година.

2. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

Број 09-585/18
26.12.2023 година
Пласница

Општина Пласница
Градоначалник
Алија Јаоски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 89/22 и 274/22 година) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Пласница го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВД ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КОМУНАЛЕЦ" ПЛАСНИЦА**

**Член 1**

За ВД Директор на Јавното претпријатие „КОМУНАЛЕЦ" Пласница, општина Пласница се именува лицето Шемоски Селаудин од с.Пласница-општина Пласница, со ЕМБГ 0506966444003 и л.к. бр. А1173174 издадена од МВР Македонски Брод на ден 23.12.2011 година, државјанство-Република Северна Македонија.

**Член 2**

В.Д Директорот се именува за период од шест месеци, односно се додека не биде избран Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец" с.Пласница, општина Пласница, врз основа на Јавен конкурс за избор на директор по постапка согласно закон.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница.

**Број 09-558/6**
**18.12.2023 година**
**Пласница**

**Совет на општина Пласница**
**Претседател**
**Џемаил Асаноски**